До: Министерство за животна средина и просторно планирање
(имател на информацијата)



БАРАЊЕ

за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 15 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информација од јавен карактер:

1. Документ со информација за моменталниот број на пополнети работни места во ИПА секторот/одделението, поделени по звања согласно законската рамка (или линк на кој е објавен соодветниот документ или информацијата).
2. Последно донесената систематизација на работни места на Министерството за животна средина и просторно планирање (или линк на кој е објавена систематизација).
3. Документ од последната спроведена функционална анализа на Министерството за животна средина и просторно планирање (или линк на која е објавена анализата).
4. Доставите ни листа на членови (претставници на граѓански организации, институции, претставници на други актери) во секторската работна група за животна средина и климатски промени (или линк на која е објавена листата).
5. Доставете ни го Годишниот план за работа за Секторската работна група за животна средина и климатски промени за 2020 година (или линк каде е планот објавен).
6. Доставете ни го Годишниот план за работа за Секторската работна група за животна средина и климатски промени 2021 година (или линк каде е планот објавен).
7. Доставете ни го Годишниот извештај за работа за Секторската работна група за животна средина и климатски промени за 2020 година (или линк каде е извештајот објавен).
8. Доставете ни го деловникот за работа за Секторската работна група за животна средина и климатски промени
9. Колку пленарни состаноци одржала Секторската работна група за животна средина и климатски промени во текот на 2020 година и датумите на нивно одржување (или линк каде е објавена информацијата).
10. Колку оперативни состаноци одржала животна средина и климатски промени во текот на 2020 година и датумите на нивно одржување (или линк каде е објавена информацијата).

11. Записниците од сите пленарни состаноци на Секторската работна група за животна средина и климатски промени, одржани во текот на 2020 година (или линк каде се објавени записниците).
12. Записниците од сите оперативни состаноци на Секторската работна група за животна средина и климатски промени одржани во текот на 2020 година (или линк каде се објавени записниците).
13. Материјалите кои биле разгледувани на пленарните состаноци на Секторската животна средина и климатски промени (за секој состанок поединечно), одржани во текот на 2020 година (или линк каде се објавени материјалите).
14. Материјалите кои биле разгледувани на оперативните состаноци на Секторската животна средина и климатски промени (за секој состанок поединечно), одржани во текот на 2020 година (или линк каде се објавени материјалите).
15. Дневните редови од сите пленарни состаноци на Секторската работна група за животна средина и климатски промени, одржани во текот на 2020 година (или линк каде се објавени).
16. Дневните редови од сите оперативни состаноци на Секторската работна група за животна средина и климатски промени, одржани во текот на 2020 година (или линк каде се објавени).
17. Усвоените Индикатори за проценка на перформансите (Performance assessment indicators - PAF) за Секторската работна група за животна средина и климатски промени (или линк каде се објавени).
18. Стратешки одговори (Strategic Response) поврзани со работата на Секторската работна група за животна средина и климатски промени (или линк каде се објавени).
19. Листа на консултирани претставници на граѓански организации, експерти и надворешни соработници во рамки на работата на Секторската работна група за животна средина и климатски промени кои не се членови на СРГ, но се носители на важни информации, во текот на 2020 година.
20. Информација на кој начин ги информиравте членовите на Секторска работна група за животна средина и климатски промени за заклучоците од оперативните состаноци на Секторската работна група?
21. ИПА II проектите од вашиот сектор кои се однесуваат на КОВИД-19 пандемијата (или линк каде се објавени).
22. Доколку во министерството во 2020 година се организирани обуки за родово одговорни/родово сензитивно работење доставенете ни кој ги организирал овие обуки, дневен ред и материјали за овие обуки.
23. Доколку во 2020 година министерството има направено родови анализа за одредени политики кои министерството ги креирало доставете ни ги тие политки заедно со родовата анализа на истите.

форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) **фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго----------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) **по пошта** или
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго----------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:
Здружение на граѓани Реактор – истражување во акција
Партизански одреди бр. 18/1-11, 1000 Скопје, тел./факс + 38923245536,
e-mail: info@reactor..org.mk

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Блажен Малески**
Партизански одреди бр. 18/1-11, 1000 Скопје, тел./факс + 38923245536,
, e-mail: blazen@reactor.org.mk

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во **Скопје**
Датум: **01.03.2021 година**

Потпис:
Блажен Малески